**ОПШТИН ШТИП**
УП.I.бр.22/11- 490
05.04.2012год.

Постапувајќи по барањето од физичкото лице Ефтим Шаклев за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола за усогласување со оперативен план за постоечка инсталација свињарска фарма со број УП.I.бр.22/11- 490 од 30.12.2011 година, врз основа на член 135 став 5, а во врска со член 95 став 1 алинеја 2, 106 став 1 точка 2, член 2 став 4 („Сл. Весник на Р.М.“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11), член 5 став 1 точка 5 алинеја 12 од Уредбата за определување на активностите и временските распореди за поднесување на барања за дозвола („Сл.весник на Р.М“ бр.89/05), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на Р.М“ бр.45/12) и член 2 од Одлуката бр.0701-4810/1, од 15. Јули. 2011 год. донесена од страна на Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип на ден 05.04.2012. година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето од физичкото лице Ефтим Шаклев со адреса ул. „Доланска“ бр.6 од Штип за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола за усогласување со оперативен план за постоечка инсталација свињарска фарма која е м.в. Герен - Железничка КО Штип се **отфрла како ненавремено.**
2. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

До Градоначалникот на Општина Штип, физичкото лице Ефтим Шаклев поднесе барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола за усогласување со оперативен план за постоечка инсталација свињарска фарма од Штип со број УП.I.бр.22/11 - 490 од 30.12.2011 година. Постапувајќи по барањето се констатира дека не се запазени законските временски рокови за поднесување на барњето согласно врз основа на член 135 став 5 и член 5 став 1 точка 5 алинеја 12 од Уредбата за определување на активностите и временските распореди за поднесување на барања за дозвола, воедно е утврдено дека постоечката инсталација се наоѓа во зона за домување што е по Член 2 од Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намените на бесправно изградените објекти со намената на земјиштето бр.0701-4810/1, од 15. Јули. 2011 год. донесена од страна на Советот на

Општина Штип. Ќе се пристапи кон промена на намената на просторот по ГУП согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, така што Идустриската зона – која се наоѓа во продолжение на постојаната индустриска зона (пекара Макпромет – магацин Макпромет), а се протега до обиколницата – магистрален пат Струмица – Кочани на север, а од источната и западната страна границата е по железничката пруга со што целокупниот простор добива намена – домување.

Емисијата на истекување или испуштање на супстанции во течна, цврста состојба, миризба, организми, микроорганизми, инсекти како и бучавата, во повеќе медиуми од животната средина кои се како резултат на активностите од инсталацијата свињарска фарма, која се јавува како загадувач на животната средина ја засега јавноста која во моментот е засегната и/или во иднина може да биде засегната – Закон за изменување и дополнување на законот за животна средина („Сл. весник на Р.М“ бр. 24/07). Со увид во Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на Р.М“ бр.45/12), постоечката инсталација се наоѓа на простор кој во согласнст во ГУП е предвиден за индивидуално домување намена од класа А 1. Имајќи го во обзир горе цитираниот Правилник компактибилно со основната класа на намена А домување – А1, домување во станбени куќи кое е предвидено согласно ГУП, компактибилно со оваа класа на намена преставуваат намените; Б1, В1, В5, Д3, кои што покриваат - мали деловни комерцијални дејности, образование, верски институции, спорт и рекреација. Од досега кажаното може да се заклучи дека не постои можност за постоење на ваква инсталација во простор со ваква намена.

Согласно Одлуката од Советот на Општина Штип, Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и наведените членови не се издава дозвола за усогласување со оперативниот план.

Врз основа на горенаведеното Градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина - Скопје. Жалбата не го одложува извршувањето на решението. Жалбата се поднесува преку овој орган, со административна такса од 250, 00 денари.

м-р СТ

Градоначалник

Д-р Зоран Алексов

____________________